СЕГА

Коалиција на младински организации

www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2019

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
2019

Издавач
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

Адреса
Цар Самоил 18, п. Факс 166
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

Извршен директор
Зоран Илиески

Автор
Моника Илиоска
Кантарџиоска

## Содржина

МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ... 4
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ ... 4
Проект: „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“ ... 5
Проект: „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност во училиштата“ ... 5
Проект: „Младите и европските вредности“ ... 6
Проект: „Младинска гаранција“ ... 7
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ... 8
Проект: “Youth work in prevention of violent extremism among young people “ - „Младинската работа во превенција од насилен екстремизам“ ... 8
Проект: “DYouth expedition” ... 8
Проект: Digital Youth Participation Made Easy (DIGY) –Дигиталното учество на младите е лесно (ДИГИ) ... 9
Проект: “Peer to peer activism” - („Врснички активизам помеѓу младите”) ... 10
Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации 2019” ... 10
МЛАДИНСКО ВОЛОНТИРАЊЕ ... 11
НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА „ВОЛОНТИРАЈ за доброто на твојата заедница! ИНСПИРИРАЈ ги младите околу тебе! “ ... 11
Обука за младински работници „Quality is YOU work“ ... 11
Проект: “Youth information NOW” ... 12
МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ ... 13
Проект: “Rights at work, work on rights “ - “Права на работа, работата за правата” ... 13
Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА” ... 13
Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“ ... 16
Проект: ИНФО Клуб Штип ... 17
Меѓународна соработка и партнерства ... 18
ERASMUS+ programme ... 18
Проект: „CODE aBc“ ... 18
Проект: “Youth agents for social change” ... 19
Проект: “ИМПАКТ – Вклучувањето е важно! Користење на изведувачка уметност кон кохезија и толеранција” ... 19
Проект: „No borders, more perspective“ ... 19
Europe for citisens ... 19
Проект:“ACHIEVE” ... 20
АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА ... 21
ЗА СЕГА ... 22
Донаторска поддршка ... 23

## МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

### *Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“*

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија“, финансиран од Детската Фондација Песталоци, продолжи да се спроведува и во 2019 година која воедно беше финална проектна година (проектот беше официјално затворен на настан одржан во јануари 2020). Целта на проектот беше да се подобри знаењето и вештините за практикување на правото на учество на учениците во 30 училишта.

Како резултат на спроведените иницијативи за застапување, развиените модели за учество на децата во процесите на донесување одлуки на ниво на училиште, ученички парламент и ученички парламент се воведени во новиот Закон за основно образование донесен во Јули 2019 година. Коалиција СЕГА заедно со Бирото за развој на образованието подготви и публикува Водич за ученичко учество и заштита на детските права во основните училишта кој ќе им помогне на училиштата успешно да го применат Законот.

Во рамките на проектот во 2019 година, 17.542 студенти на возраст од 10-18 години учествуваа во различни проектни активности, како што се работилници, училишни активности и дебати, преку кои го искористија своето право да учествуваат во донесувањето одлуки. Со цел да го провери напредокот при спроведување на проектните модели, СЕГА спроведе истражување во мај 2019 година во новите и старите училишта кои се дел од проектот. Речиси половина од учениците во новите училишта (45%) изјавиле дека се зголемило влијанието на учениците врз процесите на донесување одлуки во училиштето како резултат на активностите на училишната организација (анкета, мај 2019). Исто така 79% од анкетираните ученици во новите 14 проектни училишта известиле дека го подобриле своето знаење за правата на децата како резултат на активностите што ги спроведуваат ученичкиот правобранител и училишните организации. Дополнително, 68% од учениците го препознаваат Ученичкиот правобранител како заштитник на нивните права што укажува на релевантноста на моделот. Ова е значителен напредок во однос на 2018 година, што укажува дека применетите модели на проекти во училиштата можат да дадат значајни резултати по една учебна година.

Во текот на 2019 година како резултат на проектните модели, поднесени се 51 претставки до Ученичките правобранители и решени од страна на стручните служби во училиштата. Во рамките на соработката на СЕГА со Бирото за развој на образованието, и во 2019 година беа спроведени терενски посети со цел увид во спроведувањето на Ресурсниот Пакет (Водичот) во проектните училишта, при што се утврди дека сите обучени наставници продолжија самостојно да ги поддржуваат учениците за заштита на правата на децата. Сите наставници и претставници на стручните служби вклучени во проектот добија сертификати за стекнати компетенции во поддршка на модели за учество на деца издадени од БРО. Иако проектот таргетираше воведување на проектните модели во Законот за средно образование, сепак во текот на 2019 година Законот не беше донесен.

Во текот на 2019 година, Коалиција СЕГА организираше 5 интеркултурни размени во детското село Песталоци во Швајцарија, во соработка со вклучените училишта во проектот. Преку Интеркултурните размени, вкупно 200 ученици имаа можност во период од 15 дневна размена да се здобијат со знаења, вештини и да се запознаат со правата на децата, меѓусебно разбирање и почитување. Учениците преку размените се запознаваат со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, толеранција и вредностите помеѓу различните култури. Како резултат на заедничката соработка на учесниците на Програмата за интеркултурна размена во Троген и Ученичкиот правобранител, беа информирани 1'630

студенти за правата на децата и интеркултурно образование и комуникација преку работилници.

Во рамки на оваа соработка, Коалиција СЕГА, беше поканета и учествуваше на Летниот Камп 2019 во организација на Детското село Песталоци во Троген-Швајцарија. На Летниот Камп учествуваа вкупно 189 учесници од 9 различни земји и тоа: Македонија, Турција, Молдавија, Белорусија, Украина, Србија, Полска и Швајцарија. Коалиција СЕГА во партнерство со Македонски центар за граѓанско образование, учествуваше со вкупно 21 учесници од Прилеп и Скопје.

## *Проект: „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“*

Проектот „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“ (Strengthening Youth Engagement in Local Communities), кој беше поддржан од Проектот на УСАИД за граѓанско учество имаше за цел да го зголеми влијанието на младинските организации кон граѓанското учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво, со што ќе се придонесе кон подобрување на статусот и добросостојбата на младите луѓе во државата. Проектот воведе Индекс за Младински Развој во Македонија, како нова и иновативна алатка за адресирање на потребите на младите на сите нивоа. Проектот се спроведуваше во соработка со Агенцијата за млади и спорт.

Во текот на 2019 година, предвидено беше да се спроведат регионални иницијативи за застапување во партнерство како и национална иницијатива спроведена од СЕГА. Со цел да се креираат партнерства на регионално ниво, СЕГА преку јавен повик креира јадро од 19 граѓански организиции од сите плански региони во државата. Беше спроведена напредна обука за Застапување и лобирање за претставниците на ГОите (вкупно 33 учествуваа на обуките) при што се креираа групи на организации (партнерство) по региони. Секое партнерство подготви Акциски План за застапување на регионално ниво. Акциските планови беа финализирани преку работилници на регионално ниво по обуката. Во рамките на националната иницијатива за застапување, главен приоритет на Коалиција СЕГА беше волонтерството (адаптирање на Законот за волонтерство и нова Стратегија за волонтерство). Во таа насока беа организирани локални дискусии за волонтерство во 5 градови (Прилеп, Тетово, Штип, Скопје и Кавадарци) со цел да се утврдат клучните предизвици на локално ниво. Преку дискусиите кои ги водеа организации членки на СЕГА беа вклучени 95 млади лица. Коалиција СЕГА, во соработка со Здружение КОНЕКТ и Младински Културен Центар, организираше национална конференција за волонтерство која опфати 47 претставници на граѓански организации и институции.

Иако беше предвидено проектот да трае до септември 2020 година, со одлука на главната канцеларија на УСАИД во насока на усогласување на стратегијата на УСАИД кон Антикорупција, Владеење на правото и Транспарентност кон ЕУ интеграција, беа стопирани повеќе проекти меѓу кои и проектот на СЕГА. Според тоа, проектот заврши во јули 2019 година.

## *Проект: „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност во училиштата“*

**Времетраење на проектот:** 01.11.2018 – 31.10.2019

Проектот „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност во училиштата“ имаше за цел да придонесе кон националните напори за подобрување и јакнење на капацитетите на државните и локалните институции за адресирање (справување и превенција) на насилство во образовните институции. Проектот беше финансиран од програмата за мали грантови на Ла страда преку проектот „Стратешко партнерство за промени: Препознај, почитувај и остварувај права!“ финансиран од Европската Унија.

**Општа цел:** Подобрување на мерките за безбедност во училиштата.

**Специфични цели:** Зајакнати капацитети на државните и локалните институции за адресирање, превенција и справување со насилство во образовните институции.

Резултати на проектот:

- Утврдена состојба за постоење и справување со насилство во 15 училишта.
- Зајакнати знаења и вештини на училишниот персонал во 15 училишта за идентификување, превенирање и справување со насилство
- Предложените мерки се прифатени од релевантните институции.

Преку активностите на проектот директно се вклучија учениците, стручните служби во училиштата, наставниците и образовните институции во Анализата на актуелната состојба за постоење, превенција и справување со насилство во средните училишта. Проектот спроведе независно и објективно истражување за постојните мерки и механизми за превенција на насилство во образовните институции и преку предлагање на заклучоци и препораки произлезени од анализата кои ќе влијаат на процесот на нивно прифаќање и признавање од релевантните институции.
Воедно, преку проектот се оствари соработка меѓу граѓански организации и образовните институции на полето на превенција и справување со насилство. Со проектните активности, организацијата имаше можност и да ги гради своите капацитети преку лобирање за соочување со проблемот на насилство во училиштата.

**Целни групи опфатени со проектот:**

- 15 средни училишта од различни општини во Р. Македонија (Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кавадарци, Штип, Кичево и Струмица).
- 1500 ученици на возраст од 15 – 18 години.
- 30 професори и преставници на стручните служби
- Институции кои се засегнати од проблемот кој се истражува со предлог проектот (ЦСР,БРО,МВР,МОН)
- Граѓански организации.

Од посебна важност, проектот беше за заедницата особено поради фактот што во последно време се се побројни случаите на насилство во училиштата, што се должи на различни фактори, а самото тоа придонесува насилството да се појави во различни облици.

## ***Проект: „Младите и европските вредности“***

Проектот „Младите и европските вредности“ е финансиски поддржан од Генерален Секретаријат на Влада на Република Северна Македонија, преку Програмата за финансиска поддршка на здруженија и фондации и се спроведува од 18.10.2019 до 17.06.2020 година.
Проектот има за цел да придонесе кон развиен и одржлив граѓански сектор кој адекватно ги адресира потребите на младите на Р. С.Македонија. Согласно на потребите на младинските граѓански организации проектот предвидува методологија која опфаќа два клучни сегменти во насока на Зајакнување на капацитетите на младинските организации во Р.С.Македонија за промоција на европските вредности во согласност со европските трендови и практики:

1. Процес на јакнење на капацитетите на младинските организации во Македонија за промоција на европските вредности на младите

2. Промоција на европските вредности меѓу младите на локално и национално ниво.

Примарната целна група на проектот се младинските организации и организациите кои работат со млади. Крајни корисници на проектот се младите на возраст од 15 – 29 години кои живеат во Р. С. Македонија. Со проектот директно ќе се опфатат: 10 младински организации и 20 нивни претставници во процесот на јакнење на организациските капацитети; 20 претставници на организации и институции со Панел дискусија за лансирање на проектот; 50 претставници на организации и институции со Завршната Конференција за промоција на постигнувањата од проектот и 300 млади кои ќе бидат дел од follow up активностите на локално ниво.
Преку проектот, СЕГА ќе ги постигне следниве резултати:
1. Идентификувани потребите на младите во поглед на примената и придобивките на европските вредности во нашето општество
2. Зајакнати знаења и вештини на 10 младински организации за интегрирање на европските практики и трендови во своето организациско и програмско работење.

### *Проект: „Младинска гаранција“*

Министерството за труд и социјална политика заедно со Агенцијата за вработување на Македонија во соработка со невладини организации започна со реализација на проектот Гаранција за млади. Гаранција за млади е активна мерка за вработување на млади лица која се спроведува во државите од Европската Унија од 2012 година.

Во периодот од 20 март – 20 јули 2019 година Коалиција СЕГА беше еден од партнерите на Министерството за труд и социјална политика за имплементација на Младинската гаранција со цел активирање на младите луѓе на пазарот на трудот. СЕГА ја промовираше мерката во југозападниот регион на Р.С.М каде се регистрираа 336 млади за оваа мерка и беа информирани 420 млади. Преку Гаранцијата за млади, СЕГА воспостави партнерство со 44 компании од Југозападниот регион.

Гаранцијата за млади им гарантира на младите лица дека во период од 4 месеци откако тие ќе се пријават во Агенцијата за вработување кариерните советници ќе ги упатат во некоја од мерките што ги нуди Гаранција за млади. Во оваа пилот фаза за имплементација на програмата се вклучени општините од г. Скопје, општина Струмица и општина Гостивар. Оваа мерка е отворена за сите млади лица на возраст до 29 години кои се невработени и веќе го завршиле своето образование (средно училиште или факултет).

## МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

***Проект: „Младинската работа во превенција од насилен екстремизам“ (Youth work in prevention of violent extremism among young people“)***

Коалиција на младински организации СЕГА го спроведуваеше проектот „Младинската работа во превенција од насилен екстремизам“ во периодот од 01.03.2019 до 31.07.2019 година. Проектот се спроведе со поддршка од Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност, преку програмата Еразмус+ Клучна Акција 3 (Структурен дијалог).

Главна цел на проектот е:
Подигнување на свеста кај младите и донесувачите на одлуки за процесите и ризиците кои доведуваат до насилен екстремизам и радикализација и нивно поттикнување да се вклучат индивидуално но и взаемно против екстремизмот на национално ниво и во рамките на нивните локални заедници.

Специфични цели на проектот се:

- Пронаоѓање на можности за борба против насилниот екстремизам преку поттикнување на младите да станат носители на промени во нивните заедници
- Да се истражи концептот на насилен екстремизам меѓу младите

Во правата фаза на проектот се одржа Национална работилница на тема: „Младинската работа во превенција на насилен екстремизам меѓу младите“ со донесувачите на одлуки на национално и локално ниво и претставници на граѓански организации.

Втората фаза вклучи одржување на Локални дискусии во 10 средни училишта во 8 градови од нашата држава. (Прилеп, Битола, Струга, Штип, Кавадарци, Кичево, Охрид, Струга). Преку оваа активност опфатени беа 200 млади.

Главната активност во проектот беше тридневна работилница која се одржа во периодот од 13-16 јуни 2019, во Струга. На оваа работилница учество зедоа вкупно 40 учесници (млади на возраст од 18 – 29 години и донесувачи на одлуки на возраст од 25 – 50 години). Овој настан беше креиран со цел да се воспостави комуникација помеѓу младите и донесувачите на одлуки со цел превенција и спречување на насилен екстремизам меѓу младите.

Како краен резултат на проектот е подготвен „Позициски документ со препораки за превенција на насилен екстремизам меѓу младите “ кој беше испратен на разгледување до релевантни институции и организации.

***Проект: “DYouth expedition”***

**Период на спроведување**: 01.09.2019 – 30.04.2020 година.

Проектот “DYouth expedition” го спроведува Коалиција на млдински организации СЕГА во партнерство со EPI од Полска кои работат на унапредување на квалитетот на дигиталната младинска работа во спречувањето на младите да станат НЕЕТ преку размена на најдобри практики преку комбинирање на офлајн и онлајн методи во претприемачко учење. Проектот се спроведува со поддршка од Национална агенција за образовни програми и мобилност, преку програмата Еразумс+, Клучна Акција 2, Стратешки партнерства - размена на добри практики.

**Главната цел на проектот:** Зголемување на квалитетот на дигиталната младинска работа за зајакнување на младите за да станат активни граѓани во општеството.

**Специфична цел на проектот:** Размена на најдобри практики преку креирање на алатка за е-учење наменета за младински работници за зајакнување на претприемништвото кај младите и за спречување на социјална исклученост на младите.

Проектот предвидува обука / LTTA на која младинските работници од Македонија и Полска ќе споделуваат и учат за најдобрите практики и искуства од нивните колеги од двете држави. Оваа активност ќе придонесе за развој и спроведување на услуги за младите луѓе, и спречување на ранливите групи на млади да станат НЕЕТ. Влијанието на оваа обука ќе резултира со создавање и пилотирање на алатка за е-учење “DYouth expedition” со цел да се обезбедат висококвалитетни услуги на младите луѓе во ситуација на НЕЕТ.

Со проектот е предвидено да се опфатат 140 локални млади од Полска и Македонија кои ќе учествуваат на работилници за претприемништво.

Алатката за е-учење за зајакнување на претприемништвото кај младите ќе придонесе за зајакнување на одржливоста на вклучените младинските организации и ќе биде дистрибуирана на над 5000 младински работници во Европа.

***Проект: Дигиталното учество на младите е лесно (ДИГИ) -***
***Digital Youth Participation Made Easy (DIGY)***

Коалиција на младински организации СЕГА е партнер на проектот DIGY, кој е финансиран и поддржан од Германската Национална агенција за образовни програми и мобилност преку програмата Еразмус+, Клучна акција 2, Стратешко партнерство и иновации и се спроведува во периодот од 01 септември 2019 до 31 август 2022 година.

Проектот „ДИГИ - Дигиталното учество на младите е лесно“ има за цел да го зголеми младинското е-учество преку обезбедување ресурси и процес на градење на капацитети на заинтересираните организации кои планираат да ја користат алатката за е-учество на младите ОПИН. Електронските материјали за учење ќе бидат интегрирани на веб страната ОПИН, професионална дигитална алатка за електронско учество на младите, достапна на 10 европски јазици (www.opin.me ). Целта на проектот е да се зајакне и збогати европската инфраструктура за електронско младинско учество, преку доставување модули за учење за:

- Заедница на иницијатори за проекти и простор за размена на знаења и совети за користење на алатката ОПИН („Заедница и форум на Опин“);
- Високо-квалитетни материјали за е-учење и видео обуки, ресурси засновани на текст и аудио материјали („материјали за е-учење“);
- Секција за најдобри практики („Жива Лабораторија со најдобри практики“);
- Навигација и оптимизација на корисничкиот интерфејс на ОПИН со цел да се гарантира лесна конфигурација на платформата („Ре- дизајнирање на ОПИН“).

Младинските работници ќе имаат корист од овие иновативни и подобрени ресурси, преку зголемување на бројот проекти за електронско младинско учество и развивање на потенцијалот на е-учество на младите во сите европски земји. Резултатите од проектот ќе ги развива Конзорциум од 7 партнери од цела Европа и тоа:

**Координатор на проектот:** NEXUS Институт за управување со соработка и интердисциплинарно истражување, Германија

**Партнер организации**: Agency Zaghzagh од Малта, Creativitas од Литванија, Heart of Slovenia од Словенија, Youth Horisons од Georgia, Liquid democracy од Германија и Coalition of youth organizations SEGA од Република Северна Македонија.

### *Проект: “Peer to peer activism” - („Врснички активизам помеѓу младите”)*

Проектот “Peer to peer activism” - („Врснички активизам помеѓу младите”) го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА со поддршка од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во рамките на Еразмус+ програмата, Акција КА1, младински размени. Проектот се спроведува во партнерство со Центарот за права на децата од Ужице, Србија во периодот од 01.09.2019 – 31.08.2020 година.

Проектот има за цел да ја зголеми свеста за младинското учество, младинскиот активизам и можностите на младите луѓе кои ги креираат и влијаат на политиките кои се тесно поврзани со нив. Работејќи директно со младите, градејќи ги капацитетите и промовирајќи ја мобилноста на младите во регионот, ние ќе ја зајакнеме прекуграничната и младинската соработка.

Активности:
- Подготвителни работилници со млади
- Младинска размена во Струга
- Последователни работилници и активности

### *Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации 2019”*

Во 2019 година Коалиција на младински организации СЕГА продолжи да ја спроведува програмата во своето работење – Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН). Моделот на Обединети Нации ги вклучува младите во проучување и дискусија за глобалните прашања, поттикнува развој на вештините корисни за животот, како што се истражување, пишување, јавно говорење, градење на консензус, решавање на конфликти, постигнување компромис и соработка.

Преку имплементација на активностите предвидени за проектот “Македонски Модел на Обединети Нации” зајакнати се капацитетите на млади луѓе од Македонија, учесници во проектот, за дипломатија, решавање на конфликти и јавно говорење преку симулација на работата на Обединетите Нации. Со тоа, се придонесе кон остварување на општата цел на проектот односно обезбедување на структурна, инклузивна и поттикнувачка средина за младите луѓе преку која ќе станат активни граѓани кои придонесуваат за прогресивен развој на Р.Македонија.

Во текот на подготвителната фаза беа реализирани координативни состаноци со проектниот тим, објавени беа повици за селекција на тим лидери и напредни учесници, истите беа селектирани и воспоставени беа тимови. Понатаму, беа одржани обуки и работилници со цел зајакнување на капацитетите на учесниците на проектот, односно обуки и работилници за тим лидери, делегати, и напредни учесници - Претседавачи со Комитети, Генерален Секретар. Конференција на Македонски Модел на Обединети Нации беше одржана во април 2019 година. Активностите поврзани со воспоставување на тимови и градење на капацитети се реализираа пред и после завршување на Конференцијата како континуиран процес за јакнење на капацитетите на младите за дипломатија, решавање на конфликти и јавно говорење, и Евалуација.

Со проектот "Македонски Модел на Обединети Нации" во 2019 година, беа опфатени 80 средношколци и студенти од Скопје, Кавадарци, Прилеп, Штип и Гевгелија. Индиректно беа опфатени ученици и студенти на возраст од 16 – 26 години, средни училишта и факултети, и младински организации.

## МЛАДИНСКО ВОЛОНТИРАЊЕ

### *НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА „ВОЛОНТИРАЈ за доброто на твојата заедница! ИНСПИРИРАЈ ги младите околу тебе! "*

Коалиција СЕГА по повод 15 годишнината од своето постоење, во текот на 2019 година ја спроведе Националната кампања „ВОЛОНТИРАЈ за доброто на твојата заедница! ИНСПИРИРАЈ ги младите околу тебе!"

Кампањата имаше за цел да ја подобри опкружувачката околина за волонтирање во нашата земја. Преку кампањата и предвидените активности се влијаеше на подигнување на свеста кај младите за волонтирање преку нивно вклучување во конкретни волонтерски локални акции.

Кампањата се спроведуваше во партнерство со организациите: Конект од Скопје, Младински Културен центар од Битола, Младинските Информативни центри ИНФО СЕГА од Прилеп и Кавадарци, Младински Совет Прилеп, Младински Клуб Штип, Волонтерски центар Скопје и Институт за развој на зедниците од Тетово.

Кампањата вклучуваше онлајн активности беа наменети за промоција на организациите членки на Коалиција СЕГА и неделно се поставуваа онлајн артикли со кратко резиме за членките.

Реализирани се серија на активности во текот на кампањата во периодот од 01 јануари до октомври 2019 година. Активностите вклучуваа инфо денови, локални дискусии и волонтерски акции кои ги спроведија партнерите на кампањата во Прилеп, Кавадарци, Штип. Скопје и Тетово.
Волонтерските акции беа наменети за разубавување и еко акции на дворовите на локални средни и основни училишта во Тетово, Скопје, Штип и Прилеп. Во локалните волонтерски акции беа вклучени голем број на локални млади.
Кампањата имаше за цел подобрување на околината за волонтирање во нашата земја.

Воедно, младите се информираа за можностите за волонтирање, се едуцираа за важноста на волонирањето во локалните заедници и ќе бидат дел од волонтерска акција на локално ниво.

Кампањата „Волонтирај за доброто на твојата заедници, Инспирирај ги младите околу тебе!" се спроведе со финансиска поддршка од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Нормандија и Република Северна Македонија и Коалиција СЕГА.

### *Обука за младински работници „Quality is YOU work"*

Во периодот од 06 до 09 февруари 2019 година, во хотел Амбиент во Струга се одржа обуката за младински работници „Quality is YOU work". На обуката учествуваа 15 младински работници од Битола, Прилеп, Штип и Кавадарци. Обуката беше организирана преку интерактивни методи, дискусии, креативни работилници според SALTO стандардите, а беше

спроведена од тим од 2 обучувачи од Франција и Македонија. Преку оваа обука учесниците добија јасна слика за тоа што треба да бидат младинските работници, која е нивната улога, тие беа подобро запознаени со проектниот циклус и практичните методи на неформално образование.

Учесниците од обуката се стекнаа со знаења и вештини за да можат да организираат целосен почетен модул за идни младински работници, претставници на организации и институции кои работат со млади.

Оваа обука беше реализирана како дел од Програмата за децентрализирана соработка со регионот Нормандија, Франција и Република Северна Македонија, која Коалиција СЕГА ја спроведува во партнерство со организацијата Мејсон Пор Тус Лео Лагаренж.

***Проект: "Youth information NOW"***

Во јули 2018 година СЕГА започна да го спроведува проектот "Youth information NOW" а истиот е предвидено да трае до крајот на 2019 година. "Youth information NOW" е во рамки на Европскиот Волонтерски Сервис и со поддршка од програмата Еразмус +, а во партнерство со организациите испраќач од три различни држави Backlash – Шпанија, GSM GENCLIK SERVISLERI MERKEZI DERDEGI – Турција, и Associazione Culturale Strauss Arcistrauss – Италија.

Проектот "Youth information NOW" е продолжение на успешно спроведениот ЕВС проект од 2017 година "Information Right Now" во кој учествуваа три волонтери од Италија. Целта на проектот е да се се развијат информативни алатки кои ќе бидат поблиски до младите, а во исто време развивање на креативноста кај младите преку мултикултурни активностии унапредување на комуникациски вештини кај младите. ЕВС волонтерите од проектот "Youth information NOW" се вклучија во онлајн и офлајн активностите и ја поддржаа нацоналната кампања на СЕГА.

## МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

### *Проект: “Rights at work, work on rights “ - “Права на работа, работата за правата”*

Коалиција на младински организации СЕГА е еден од 10-те партнер организации кои учествуваат во реализација на проектот “Права на работа, работата за правата”. Проектот беше поддржан преку програмата Еразмус +, сектор млади. Преку овој проект младите од Република Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Словачка имаа можност детално да се информираат за своите работнички права, како истите да ги користат во работното опкружување, но и да ги препознаат негативните појави и достапноста на механизмите на заштита. Фокусот беше ставен на фактот дека задоволен работник е најпродуктивен и за тоа е важно навремено да се информираат младите за нивните права но и за нивните обврски што произлегуваат со самото вработувањето.

Проектот се имплементираше од декември 2018 година и започна со истражување на млади вработени за тоа колку ги користат своите права од работен однос и положбата во нивното работно опкружување. Истражувањето е спроведено на 1000 млади вработени во јавниот сектор а го реализираше Центарот за напредни студии на Југоисточна Европа - Универзитет Риека од Хрватска. Резултатите покажуваат дека нивото на информираност на младите за своите работнички права се на многу ниско ниво во нашата држава.

Следејќи ги потребите на младите анкетирани, обучени врснички едукатори - млади активисти на синдикатите од вклучените земји во текот на летото разговараа за најразлични теми кои ги засегаат младите а тоа се мобингот, правото на породилно отсуство, боледувањето, употреба на слободни денови за дополнително образование и многу други прашања од областа на Законот за работните односи кои ги интересираат младите вработени. Повеќе од 200 млади луѓе од Република Северна Македонија учествуваа на овие работилници и добија информации од прва рака.

Наспроти работата со младите, проектот изработи информативен и едукативен видео материјал, но исто така изработи и брошура *“Водич низ правата од работен однос на младите, појави кои ги загрозуваат и механизмите на заштита”* која е со бројни примери од пракса, а направена е на јазик разбирлив за младите.

### *Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА”*

Проектот **„Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА“** (МИСЦ) продолжи да се спроведува преку двата Информативни Центри на СЕГА во Прилеп и Кавадарци и во 2019 година. **Целта на проектот** е придонес во имплементацијата на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади и акциите кои се однесуваат на зголемување на младинското информирање.

Реализирани активности од ИНФО СЕГА Прилеп во 2019 година:

1. ***Обезбедување на информации од областите: култура, волонтерство и размена***

Во текот на јануари - декември 2019 година персоналот на МИСЦ ги ажурираше информациите за патување (локален и градски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки) и за културните манифестации и активности во Прилеп. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн.

Овие информации се објавуваа на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираа.
Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаа на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-маил адреси.

## 2. Промовирање на МИСЦ

### 2.1. Промовирање на услугите на МИСЦ во средните училишта

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Прилеп, ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот јануари – мај 2019 беа одржани 3 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 81 средношколци од средните училишта во Прилеп. Овие настани се одржуваа во училиштата, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

### 2.2. Одбележување на поважни датуми

- Одбележан „Денот на мајчиниот јазик“ 21 февруари

По повод одбележување на „Денот на мајчиниот јазик“ 21 февруари, беше објавен конкурс за литареатурна творба во соработка со СОУ Ѓорче Петров, на слободна тема за креирање на есеј, расказ, драма, поема и слично .

На 12 март тимот на ИНФО СЕГА ги додели наградите за најдобри творби на конкурсот што беше распишан по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Младите ги читаа своите творби, на учесниците им се поделија благодарници, а на најдобрите три творби им беа доделени сертификати и поклон книга за понатамошна мотивација.

- ИНФО СЕГА одржа едукативни и креативни работилници со ученици по повод Меѓународниот Ден на жената 8ми март

На 01 март, се одржа едукативна работилница во СОУ „Ѓорче Петров“ по повод 8ми март за истакнување на правата на жената.

На 06 март 2019 година, Младинскиот информативен и советодавен Центар ИНФО СЕГА заедно со Младински Совет Прилеп и ЕВС волонтерите од Франција одржаа креативни работилници во ООУ „Рампо Левката“, подрачно училиште - с. Селце и ООУ „Гоце Делчев“ по повод 8ми Март - Денот на жената. На работилниците учениците изработуваа честитки со мотиви за Денот на жената, пишуваа пораки, играа игри, се дружеа, учеа и се забавуваа.

На 7 март, Младинскиот информативен и советодавен Центар ИНФО СЕГА заедно со Младински Совет Прилеп и ЕВС волонтерите од Франција одржаа креативна работилница во ООУ „Климент Охридски“ по повод Прочка. На работилницата учениците изработуваа маски по повод празникот Прочка.

На 20 март во просториите на Младински информативен и советодавен центар ИНФО СЕГА се одржа едукативна работилница на тема „Родова еднаквост“. Работилницата ја водеше волонтерката од Мировен Корпус Ема. Целта на оваа работилница беше да се зголеми свеста за родовите односи во нашата држава и да се поттикне критичкото размислување за предизвиците во врска со родовите односи.

- Одржани две креативни работилници по повод празникот „Велигден“

На 25 април, 2019 година во ОУ Климент Охридски во времетраење од два училишни часа беа одржани Креативни работилници по повод празникот Велигден. Работилниците имаа за цел поттикнување на креативниот дух кај учениците во Прилеп.

Работилниците ги спроведе тимот на ИНФО СЕГА заедно со ЕВС волонтерите од Франција и Турција. На час по ликовно образование, учениците со помош на волонтерите изработија велигденски украси кои наредната недела беа продавани на училишниот панаѓур.

- Меѓународен ден на спортот

  На 05 април, во ОУ „Рампо Левката“ – Прилеп се одржа работилница по повод Меѓународен ден на спортот. Во спортската сала, заедно со малите дечиња игравме најразлични игри со цел да се забавуваме и малите да бидат активни.

- Меѓународен ден на младите

  На 12 август во просториите на Младинскиот информативен и советодавен центар ИНФО СЕГА Прилеп се одржа работилница со која се одбележа Мегународниот ден на младите. Учесниците се запознаа со можностите за волонтирање во земјава и во странство. Се направи и споредба помеѓу формалното и неформалното образование и потенциравме зошто и неформалното образование е важно.

- Меѓународен ден на демократијата

На 13 септември во СОУ „Ѓорче Петров“ - Прилеп се одржа работилница по повод 15 септември - Меѓународен ден на демократијата. На работилницата учениците се запознаа со различните форми на владеење и општествено уредување: демократија, монархија, анархија, комунизам, тоталитаризам и др. Преку разни активности учениците ги дефинираа овие поими, се запознаа со карактеристиките на секоја од формите на владеење и дискутираа за позитивните и негативните страни. Потоа, преку квиз одговара на прашања поврзани со демократијата.

- Меѓународен ден на мирот

 На 20 септември 2019 година во ООУ „Гоце Делчев“ се одржа работилница по повод 21 септември - Меѓународниот ден на мирот. На работилницата дечињата имаа активност за медитација, а потоа на големо платно на кое беше нацртан бел гулаб - симболот на мирот оставаа отпечатоци од дланки во разни бои. На крај, на сите деца им поделивме по еден лист на кој имаше бел гулаб, да го бојат во својата омилена боја. Потоа, во центарот на градот делевме рачно изработени бележници за книги во кои беа скриени инспиративни пораки.

- Креативни работилници со млади за изработка на новогодишни честитки и украси

Во месец декември во просториите на ИНФО СЕГА се одржаа 2 креативни работилници за изработка на новогодишни честитки. Учесниците изработија снешковци и декорации кои беа продавани на новогодишниот панаѓур во ОУ Климент Охридски.

***2.3 Програма за јакнење на капацитети на локални млади на различни теми***

Програмата за јакнење на капацитетите на локалните млади беше креирана со цел да ги запознае младите преку едукативни работилници на различни теми и да ги поттикне критички да размислуваат на темите.

Програмата вклучуваше серија на едукативни работилници на темите: Родова еднаквост, Стоп за дискриминацијата и насилството, Комуникациски вештини, Привилегија и кариерно насочување.

Преку програмата се зголеми свеста за родовите односи и се поттикна критичкото размислување за предизвиците во врска со родовите односи; учесниците научија да го препознаваат насилството и какви мерки да преземат за да го спречат; насоки како да се подготвуваат за својата кариера; важноста на ефективна комуникација и како можат со својот работодавач да разговараат за прашања и проблеми на позитивен начин што ќе резултира со компромис.

***2.4 Летна креативна школа во ИНФО СЕГА***

Во текот на летниот период ИНФО СЕГА Прилеп одржаа серија на креативни работилници (шеснаесет) со деца и млади од основните општински училишта од Прилеп. Учесниците на работилниците имаа можност да се запознаат со методи и игри на неформално образование, да бидат дел од еколошки акции и како можат да придонесат за поздрава животна околина, да се запознаат со нови спортови, да бидат дел од мали олимписки игри и др. Во текот на летото преку овие креативни работилници беа опфатени 170 деца и млади од Општина Прилеп на кои на крајот им беа доделени пофалници за нивната посветеност и посебен интерес за креативните летни работилници.

***2.5 Координативни состаноци***

Во периодот јануари – декември 2019 беа организирани 12 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на МИСЦ од Прилеп и Кавадарци. На состаноците се разговараше за планираните годишни активности и напредокот на нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности.

## ***Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“***

Проектот „Младински Информативен Центар – ИНФО СЕГА“ (МИЦ) продолжи да се спроведува и во 2019 година. Центарот ги реализираше следниве активности:

1. ***Обезбедување на информации од областите: култура, волонтерство и размена***

Во текот на јануари - септември 2019 година персоналот на МИЦ ги ажурираше информациите за патување (локален и градски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки), спортски настани и за културните манифестации и активности во Кавадарци. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат.
Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3,000 е-маил адреси.

2. ***Промовирање на МИЦ Кавадарци***

2.1. Промовирање на услугите на МИЦ во средните училишта

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Кавадарци, ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот јануари – јуни 2019 беа одржани 3 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 100 средношколци од средните училишта во Кавадарци, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните

конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

3. ***Координативни состаноци***

Во периодот јануари – септември 2019 беа организирани 10 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА". На состаноците се разговараше за планираните активности и нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности.

Помеѓу тимот на ИНФО СЕГА и ЕВС волонтерите беа организирани 15 координативни состаноци. На овие состаноци се поставуваа одредени цели и активности и воедно се спроведуваше евалуација на се она што е постигнато во изминатиот период.

4. ***Летни Креативни работилници во ИНФО СЕГА***

Во текот на целиот летен период заедно со ЕВС волонтерите од Центарот и тимот на ИНФО СЕГА Кавадарци се одржуваа различни креативни работилници од серијата „Летни креативни работилници". Главната цел на сите работилници беше да им се даде на младите можност да се едуцираат во текот на летниот период преку работа на својата креативност.

Во текот на летните работилници се користеа различни методи за работа и вклучување на учесниците во истите при што беа организирани тематски работилници преку кои младите ги развиваа своите креативни и комуникациски вештини. При тоа беа организирани работилници на тема Wishes and dreams, Mexican bingo & Youth film festival, изработување на интересни украси, креативно пишување, Diversity и друго.

Во текот на летните креативни работилници беа вклучени повеќе од 150 млади и деца од Кавадарци.

Во 2019 година, Младинскиот информативен центар „ИНФО СЕГА" Кавадарци спроведуваше проектни активности од следните проекти: „Балканска платформа за младинско учество и дијалог", ЕВС проекти "Youth Creativity club" и "Youth information NOW", проект од Мировен Корпус, Македонски модел на Обединетите Нации 2019, Национална кампања „Волонтирај Инспирирај", УНДП „Преку спорт до подобар соживот", младинска иницијатива „Вклучи се и ти, заедно да сме активни", „Имплементација на конвенцијата за права на детето во Р. Македонија", C.O.D.E aBc.

***Проект: ИНФО Клуб Штип***

Проектот ИНФО Клуб Штип се спроведуваше во периодот од октомври 2018 до јуни 2019 година во просториите на Универзитетот Гоце Делчев Штип, Кампус 2. Целта на младинскиот Инфо клуб беше да им обезбеди точни и навремени информации на сите заинтересирани студенти, потенцијални корисници на мерките од Опративниот план за вработување на АВРМ и да служи како мрежно средство со бизнис-секторот и центрите за вработување во конкретниот регион.

Работата на Младинскиот Инфо клуб во Штип беше фокусирана на споделување на информации и советување за младите, особено за студентите кои дипломираат на униврзитетот во Штип.

Младинскиот Инфо клуб им помогна на корисниците да се запознаат со условите и придобивките што се нудат преку Оперативниот план на Владата на Р.М за разни програми за вработување, можности за работа и воспоставување на бизниси и обезбеди соодветни начини за упатување на младите и за советување. За таа цел, се воспостави дневна комуникација со претставниците на центарот за вработување од Штип, стопанските комори,

приватниот бизнис сектор, регионалниот центар за промоција на претприемништвото, граѓански организации кои работат во Штип и со УНДП.
Број на млади кои се опфатиле преку активностите на Инфо Клубот за 2019 година: 155
Број на настани / инфо денови / работилници кои се реализирале во текот на 2019 година: 8

## Меѓународна соработка и партнерства

### *ERASMUS+ programme*

### *Проект: „CODE aBc“*

CODE aBc е долгорочен проект кој се спроведува во периодот од јануари 2019 до крајот на 2020 година, во партнерство Коалиција на младински организации СЕГА, Landesjugendwerk der AWO Thüringen од Германија и Maison Pour Tous Leo Lagrange од Франција.

Целта на овој проект е активно да ги вклучи младите луѓе на работилници и дискусии за да ги прошират своите перспективи, да ги надминат границите и разликите, да ја искоренат дискриминацијата и да ги почитуваат човековите права.

Во проектот Courage to Open Doors of Europe C.O.D.E aBc се вклучени млади од 14 до 18 години и младински лидери до 30 години , кои преку младински размени ќе се запознаат со млади од други држави, нивните култури, традиции и јазик, ќе истражуваат нови места и заедно ќе работат на теми: Интеркултурно учење, Недискриминација, Интеркултурна комуникација, Предрасуди и стереотипи, Детски и човекови права и слично.
Во рамките на овој проект се одржаа следните активности:

**Обука за младински лидери во Бад Бланкенбург и Ерфурт, Германија.** Обуката се одржа во периодот од 4ти до 11ти мај 2019 година. Целта на обуката беше младинските лидери од Македонија, Франција и Германија да се стекнат со вештини и знаења за интернационална младинска работа и заедно да планираат активности и програми за младински размени кои ќе се спроведат во Франција и Германија 2019 година и Македонија 2020 година.

Младинските лидери имаа можност да подготват модул за работилница и да организираат работилница во училиште во Рудолфштат, каде со учениците спроведоа активности со цел запознавање на Европа и европските земји и со традициите, културите и јазиците во овие земји.

**Во периодот од 25 јули до 03 август 2019 година се одржа младинска размена во Бад Бланкенбург и Ерфурт, Германија,** како дел од **CODE aBc**. На размената учествуваа вкупно 30 учесници, вклучително и 8 млади луѓе на возраст од 14 до 18 години и двајца лидери на тимот од Македонија.

На размената, учесниците беа дел од работилниците на следниве теми: Интеркултурно учење, дискриминација и човекови права. Покрај креативните работилници, учесниците имаа екскурзии, посети на младински центри во Бад Бланкенбург и Ерфурт и други активности како што се веслање, цртање графити, дизајн на облека и разгледување во помалку познати делови на Ерфурт.

Во периодот од 10 до 17 јули 2019 година, во Шербург, Франција се одржа младинска размена со учесници од Германија, Франција и Северна Македонија.

На размената присуствуваа триесет млади учесници на возраст од 14 до 18 години. Преку различни програми, младите имаа можност да разменат искуство, да дебатираат, да се запознаат и да ги надминат културните разлики. Беа организирани работилници за европско граѓанство и човекови права.

### *Проект: "Youth agents for social change"*

За реализација на билатералниот проект **"Youth agents for social change",** воспоставена беше соработка помеѓу Коалиција СЕГА и Uzicki centar za prava deteta (UCRC) од Србија. Проектот се спроведуваше од мај 2018 до мај 2019 година, и во текот на проектот се реализираaa две младински размени во двете држави со вкупно 30 млади и follow up активности кои опфатија 328 млади.

### *Проект: "ИМПАКТ – Вклучувањето е важно! Користење на изведувачка уметност кон кохезија и толеранција"*

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со VIFIN – Videnscenter for Integration Denmark, во периодот од 01 март 2019 – 28 февруари 2021 година го реализира проектот: "ИМПАКТ – Вклучувањето е важно! Користење на изведувачка уметност кон кохезија и толеранција".

Главна цел на проектот „ИМПАКТ – Вклучувањето е важно! Користење на изведувачка уметност кон кохезија и толеранција", е да се промовира социјалното вклучување преку развивање на уметнички стратегии, техники и методологии насочени кон бегалците и граѓаните на локално ниво.

Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во соработка со VIFIN – Videnscenter for Integration - Данска (водечка организација), ALDA - Франција, La Piccionaia – Италија, ЛДА – Црна Гора, ЛДА – Босна и Херцеговина, Association for Developing Volunteering Work – Словенија и Urban Development Center – Србија, а е финансиран од Еразмус+ програмата**.**

### *Проект: „No borders, more perspective"*

Проектот „No borders, more perspective" е поддржан од Францускaта национална агенција преку програмата Еразмус+. Носител на проектот е организацијата Masion Pour Tous Leo Lagrange и го спроведува проектот во партнерство со организации од Франција, Германија, Турција, Бугарија, Романија, Шпанија, Молдавија, Норвешка, Велика Британија и Р.С. Македонија.

Во периодот од 30 ноември до 8 декември 2019 година, се одржа Обука за младински работници во Шербург, Франција. На обуката учествуваа еден претставник на Коалицијата СЕГА, заедно со претставници од нашите организации членки Младински Совет Прилеп и Инова Лаб од Битола.

Целта на обуката е да им обезбеди на учесниците нови методи на неформално образование, да развијат локални стратегии за меѓународна мобилност на младите и да развиваат мрежи и партнерства на регионално и меѓународно ниво.

### *Europe for citisens*

**_Проект:“ACHIEVE”_**

Коалиција на младински организации СЕГА е партнер на проектот “ACHIEVE” кој го спроведува Локалната самоуправа во Брегање и е поддржан од програмата Europe for citizens. Проектот се спроведува во периодот од 01.06.2019 до 31.05.2021 година во партнерство со 13 организации и локални самоуправи од цела Европа.

Проектот ACHIEVE има за цел да го развие идентитетот на ЕУ почнувајќи од размислувањето за заедничката историја, уметност и религии помеѓу градовите од Централна и Југоисточна Европа како алатка за борба против растечкиот евроскептицизам.

Специфични цели:

• Подигање на свеста за заедничка меморија, историја и вредности на земјите од ЕУ и целите на ЕУ (како што е и промовирање на мирот), нејзините вредности и благосостојбата на нејзините жители преку дебати, размислувања и вмрежувања

• Охрабрување на граѓанското и демократско учество на граѓаните преку развивање на нивното знаење за процесот на политичка елаборација на ЕУ и промовирање на можности за граѓанско, волонтерско или интеркултурно вклучување на ниво на ЕУ.

Резултати на проектот:

• промовирање на знаење за сопствената култура, а потоа и за другите вклучени земји

• поттикнување на дискусија за концептите на идентитет и евроскептицизам, чии причини ќе бидат испитани на локално ниво во сите таргетирани земји и споделени за време на меѓународни настани. Мрежата на градови ќе сподели алатки и методи за создавање Контра наратив против евроскептицизмот.

За таа цел, граѓаните ќе идентификуваат креативни начини за развој на значителни пораки кои се спротивставуваат на растечката недоверба и незадоволство кон Европа, создавајќи „мапа на глобалното граѓанство“. Овие содржини ќе се користат за развој на интерактивна веб-страница што се очекува да се користи како дидактичка алатка, надвор од проектот.

## АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА

**Управниот одбор** на Коалиција СЕГА, во 2019 година се состана три пати: 19 март, онлајн состанок на 05 ноември и 13 ноември. На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА, учеството на СЕГА во процесот за донесување на Закон за млади и се разгледуваа новите апликации за членство во Коалиција СЕГА.

**Собранието на Коалиција СЕГА** во 2019 година беше одржано на 13 ноември во просториите на Граѓански Ресурсен центар во Скопје. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието; беа разгледани и усвоени Програмскиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2018 година; Финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2018 година; Годишната програма на СЕГА за 2019 година; Извештајот за работата на Управен Одбор за периодот на 2018 година, избор на нов Управен и Надзорен Одбор како и избор на нов Претседавач на Собранието на Коалиција СЕГА; и ревидирање на членството на Коалиција СЕГА.

За нов Претседавач на СЕГА, беше избран Сретен Коцески, Извршен Директор на ИРЗ Македонија - CDI Macedonia. Нова придружна членка на СЕГА е ЦККЕР "Светла Иднина" - Кочани додека организациите Агенција за локален развој LDA-Struga и Рома Прогрес Скопје преминаа во основни членки на Коалиција СЕГА.

На Седницата од Собранието, учество зеде и претставник од Центар за образование на возрасни ЦОВ. На крајот, Собранието даде свои препораки за правецот на делување на СЕГА во иднина.

До 31 декември 2019 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно 23 младински организации (10 основни и 13 придружни организации членки).

## ЗА СЕГА

Коалиција на младински организации СЕГА
- Резиме -

Коалиција на младински организации СЕГА е национална платформа на младински организации активна во полето на лобирање за промени во младинските политики, посветена кон подржување на младинскиот активизам, подобрување на пристапот до информации и учеството на младите луѓе во активности за решавање на нивните проблеми. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

Коалиција СЕГА даде значаен придонес во креирањето на Националната Стратегија за Млади на Р.М. и Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р.М. Во 2009 година подготви Алтернативен извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Извештајот беше презентиран во 2010 година пред Комитетот за Правата на Детето при Обединетите Нации во Женева. Препораките од Алтернативниот извештај (истата година) беа презентирани пред Комисијата за труд и социјална политика при Собранието на Република Македонија.

Во 2010 година, СЕГА спроведе национално истражување за Младинските трендови и младинското организирање во Р.М., тоа е прво истражување од сеопфатен карактер после истражувањето направено во 2003 за потребите од креирање на Националната стратегија за млади.

Со цел да се зголеми учеството на младите во донесување на одлуки и креирање на политики, Коалиција СЕГА го поддржа процесот на формирање на Совети на млади во 7 општини (Кавадарци, Штип, Свети Николе, Теарце, Струмица, Радовиш и Неготино) и Град Скопје и ги постави првите практики за гарантирање на институционалното учество на младите во општините. СЕГА континуирано работи на јакнење на капацитетите на Советите на млади.

Врз база на европските искуства и стандардите на Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA), а во насока на зголемување на информираноста на младите во 2010 година СЕГА во Прилеп го отвори првиот „Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА“ во Македонија, додека во 2015 го отвори „Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА“ во Кавадарци.

Во периодот на 2010 – 2013 година СЕГА ги креираше првите 13 Локални Младински Стратегии во Македонија и тоа во 12 општини (Прилеп, Кавадарци, Неготино, Велес, Дебар, Гевгелија, Штип, Свети Николе, Радовиш, Тетово, Кисела Вода, Илинден) и Градот Скопје.

Во периодот 2011 – 2013 СЕГА континуирано и системски спроведуваше мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Во 2017 година, СЕГА заедно со Меѓаши и МОФ, предводеше консултативен процес за законско уредување на ученичкото учество и организирање кој резултираше со Предлог текст за измени и дополнувања на законот за средно образование кој беше доставен до МОН.

Од 2011 година СЕГА континуирано работи со 20 основни и средни училишта каде ја воведе институцијата „Дете правобранител“ воспоставувајќи институционална рамка за соработка помеѓу децата и Народниот правобранител задолжен за заштита на правата на децата во Македонија. Во партнерство со истите овие училишта СЕГА воспостави процедури за демократски и фер избори за претседателите на одделенија/класови и беа формирани училишни/младински организации. Од 2015 година, во овие училишта започна да се применува Индекс за детски права преку кој се мери напредокот на училиштата во остварување на детските права. Од 2017 година, во партнерство со Бирото за Развој на

Образованието и МОН, изготви ресурсен пакет за ученичко учество и заштита на детските права кој се спроведува во 30 основни и средни училишта.

Почнувајќи од 2012 година СЕГА континуирано ја спроведува програмата Македонскиот Модел на Обединети Нации. Преку оваа програма младите се стекнуваат со вештини за истражување, јавно говорење, дебата, развивање конфликти, носење на одлуки со консензус како и лидерски вештини.

Во 2015, СЕГА го примени методот на структурен дијалог за прв пат во Македонија. До денес, СЕГА спроведе 6 циклуси на структурен дијалог за теми од областа на младинското вработување, младинско учество, младинско информирање и младинска работа.

Од 2017, СЕГА изготви и применува Индекс за Младински Развој Македонија во насока на зголемување на влијанието на младинските организации кон граѓанското учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво.

СЕГА во 2017 година беше особено фокусирана кон поддршка на социјалното вклучување на ранливите групи на млади луѓе преку создавање на еднакви можности за пристап до пазарот на труд, и во таа насока воспостави 4 Младински Инфо Кариерни Центри во Прилеп, Битола, Штип и Скопје.

Во своето петнаесет годишното работење СЕГА има изработено голем број на публикации, прирачници и мониторинг извештаи како и организирано голем број на семинари и обуки за подигнување на свеста за потребата од младинско учество како и застапување и лобирање за младинските потреби.

Коалиција СЕГА е формирана во 2004 година и во неа членуваат 27 организации (10 основни и 17 придружни членки). СЕГА е членка во Асоцијацијата на агенции за локална демократија, CIVICUS и ЕУРОДЕСК мрежата.

## ***Донаторска поддршка***

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2019 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children’s Foundation)
- УСАИД
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Град Скопје
- Општина Гази Баба
- Национална агенција за европски програми и мобилност - ERASMUS +
- Ла Страда – ИПА
- UNDP
- Програма за децентрализирана соработка меѓу регионот Нормандија, Франција и Република Северна Македонија